Врз основа на Член 4, Став 4 од Колективниот Договор за вработените во земјоделството и прехрамбената индустрија, здруженијата на работодавачи од земјоделството претставувани од Претседателот Томислав Давков и од прехранбена индустрија претставувана од Претседателот Томе Петковски од една страна и Синдикатот на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на Р. Македонија Агро – Синдикат претставуван од Претседателот Живко Даневски на ден 24.12.2015 година склучија:

# С П О Г О Д Б А

**за утврдување на најниската основна плата (пресметковна вредност за единица коефициент) за најнизок степен на сложеност во дејностите земјоделство и прехранбена индустрија**

**Член 1**

Најниската основна плата (пресметковна вредност за единица коефициент) за најнизок степен на сложеност за дејноста земјоделство се утврдува во износ од 10.100,00 денари.

**Член 2**

Најниската основна плата (пресметковна вредност за единица коефициент) за најнизок степен на сложеност за дејноста прехранбена индустрија се утврдува во износ од 10.400,00 денари.

**Член 3**

Пресметувањето и исплатата на утврдената најниска основна плата ќе започне да се применува сметано од 01.01.2016 година.

**Член 4**

Оваа Спогодба влегува во сила со денот на нејзиното склучување, 24.12.2015 година.

**Член 5**

Се задолжуваат потписниците на Спогодбата врз основа на истата да изготват Пречистен текст на Колективниот Договор за вработените во земјоделството и прехрамбената индустрија.

**СКОПЈЕ – 24.12.2015 година**

**Синдикат на работниците од агроиндустрискиот**

**Комплекс на РМ Агро - Синдикат**

**Претседател**

**Живко Даневски**

**Организацина на работодавачи**

**на Македонија**

**Претседател**

**Ангел Димитров**

**Здружение за земјоделие и**

**Прехрамбена индустрија**

**Претседател за земјоделие**

**Томислав Давков**

**Претседател за прехранбена**

**индустрија**

**Томе Петковски**